Република Северна Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AVOKATI I POPULLIT
Republic of North Macedonia
OMBUDSMAN

На 26.12.2023 година, Националниот превентивен механизам (НПМ) спроведе редовна ненајавена посета на Прифатниот центар за странци Гази Баба. Посетата започна во 10:30 часот, а заврши во 13:30 часот (вкупно времетраење од 3 часа).

Целта на оваа посета, согласно Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго сурово, нехумано или понижувачко постапување или казнување, е идентификување ризици заради превенција од тортура или друг вид на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

При посетата на прифатниот центар беа испитувани:

- материјалните услови во местата за сместување и задржување,
- постапувањето на службените лица во центрите,
- евиденциите на лицата коишто се сместени/задржани во центрите,
- други места (работни простории и др. помошни простории како кујна, тоалети и сл.).

Народниот правобранител како Национален превентивен механизам посветува особено внимание и континуирано го следи постапувањето со ирегуларните мигранти, но и странци без легален престој на територијата на државата, како и местата каде што надлежните органи ги сместуваат и задржуваат.

Центарот е во надлежност на Министерството за внатрешни работи кои се одговорни за безбедноста во истиот. При посетата утврдивме дека примарна медицинска заштита се обезбедува преку лекар од Црвениот Крст кој доаѓа трипати неделно и се грижи за здравствената состојба на лицата сместени во Центарот.

Лицата задржани во овој Центар се изложени на посебна ранливост по нивното ментално и општо физичко здравје заради недостатокот од точни информации околу должината на нивниот престој во Центарот, но и условите во кои престојуваат без значителни социјално-едукативни активности и друг вид на суштински занимања.

Во Центарот се присутни и низа невладини организации кои го помагаат неговото функционирање со поддршка во храна, облека, но и правна помош.

Националниот превентивен механизам по спроведената посета ќе подготви посебен извештај во кој ќе ги нотира констатираните позитивните и негативните состојби и ќе даде соодветни препораки до релевантните органи со цел да се елиминираат недостатоците.